# Надомест на штета, рехабилитација и за остварување на други права на лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода

- Устав на РС Македонија – член 13 став 2 – Лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено, има право на надомест на штета и други права утврдени со закон.
- Член 5 став 5 од ЕКЧП, пропишува обврска за државата во домашното законодавство да обезбеди надомест на штета за секое лице кое било жртва на противзаконито апсење или притворање.

- Во член 3 од Протоколот број 7 кон ЕКЧП, е содржано правото за надоместна штета заради погрешна осуда. Може да се остварува кога некое лице со правосилна одлука е осудено за кривично дело, а подоцна неговата осуда ќе биде укината или тој ќе биде помилуван врз основа на нова или новооткриени факти кои неспорно укажуваат дека се работело за судска грешка, освен ако не се докаже дека лицето во целост или делумно е одговорно што непознатиот факт не бил навремено откриен.

- Во член 9 алинеја 5 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права е предвидено правото за компензација на лице кое било жртва на незаконито апсење или притворање.
- Во член 14 став 6 е предвидена заштитата во случај на неоснована осуда. Па кога таквата судска одлука ќе биде поништена, засегнатото лице има право на обесштетување според законот на домицилната држава.

- Во Законот за кривичната постапка оваа постапка е регулирана во Глава XXXVI и тоа од член 549 заклучно со член 557.
- Според член 13 од ЗКП, лицето незаконито лишено од слобода, притворено или незаконито осудено има право на надоместок на штета од буџетските средства, има право да биде рехабилитирано, како и други права утврдени со закон.

- За неоснованата осуда и неоснованото лишување од слобода државата одговара според правилата на објективна одговорност, односно одговорност за надомест на штета без вина.
- Основот за постоење на ваков облик на одговорност за штета произлегува од начелата за правична постапка, владеење на правото и законитост коишто бараат во секој случај да се постапува без повреда на основните човекови слободи и права.

- Оштетеното лице спрема кое била изречена неоснованата осуда или било незаконито или неосновано лишено од слобода има право на надомест на материјална и нематеријална штета што ја претрпело по основ на осудата, односно лишувањето од слобода.
- Покрај стварно претрпената штета и загубената заработувачка, засегнатото лице може да бара и надомест на трошоци во постапката, трошоци за одбрана, јавно објавување на пресудата, враќање на права од работен однос и слично.

# Право на оштета и рехабилитација

- Слободата е неприкосновена, а лишувањето од слобода е дозволено само со одлука на суд во случај кога постојат околности кои ги исполнуваат предусловите содржани во основите за лишување од слобода определени во ЗКП.
- Неоправдана осуда постои кога спрема едно лице правосилно е изречена кривична санкција или е прогласено за виновно но е ослободено од казна, а по вонреден правен лек, повторената кривична постапка била правосилно запрена,

- или е донесена ослободителна односно одбивателна пресуда.
- Неосновано лишување од слобода постои кога било законито во моментот на неговото определување, но сепак лицето може да се стекне со право на надомест на штета поради неосновано лишување ако има поволен краен исход на постапката. Надомест на штета има лицето кое било во притвор, но неговата вина не се докажала.

- По притворањето била донесена одлука за запирање на постапката, била донесена ослободителна пресуда, односно одбивателна пресуда, или била изречена казна затвор со пократко траење од времетраењето на притворот.
- Незаконито лишување од слобода упатува на пречекорување на времетраењето од 24 часа од лишувањето на слобода до изведувањето пред судијата на претходна постапка, погрешна примена на законот при определувањето на притвор, определување на мерка притвор со

- злоупотреба на овластувањата, определување на мерка притвор според непостоечка основа, продолжување на притворот и по престанокот на основите за нејзиното определување што упатува на незаконита работа на надлежниот орган при оцената на постоењето на причините што го оправдуваат продолжувањето на притворот.

# Лица кои имаат право на надоместок на штета

- Лицето спрема кое било правосилно изречена кривична санкција
- Лице кое е огласено за виновно, а е ослободено од казната
- Подоцна по повод вонреден правен лек новата постапка е запрена или со правосилна пресуда е ослободено од обвинение или обвинението е одбиено.
- Надомест на штета при одбивателна пресуда може да се бара која ЈО е овластен тужител.

# Лица кои немаат право на надоместок на штета

- Право на надоместок на штета лицето нема:
- До запирање на постапката или пресудата со која обвинението се одбива дошло поради тоа што во новата постапка приватниот тужител се откажал од гонењето или оштетениот се откажал од предлогот, а до откажувањето дошло врз основа на спогодба со обвинетиот, и
- Со решение во новата постапка обвинителниот акт бил отфрлен поради тоа што судот не бил надлежен

- Осудениот нема право на надомест на штета ако со свое лажно признание или на друг начин намерно ја причинил својата осуда, освен ако на тоа бил присилен.
- Ако осудениот успее да докаже дека бил присилен да признае вина, тогаш му следува надомест на штета.

# Поднесување на барање за надоместок на штета

- Правото да се бара надомест на штета може да се оствари во рок од три години од денот кога во повторената постапка по основа на вонреден правен лек е донесена судска одлука што е основа за надоместување на штета.
- Правото на надоместок на штета застарува:
- за три години од денот на правосилноста на пресудата со која обвинетиот е ослободен од обвинение или со кое обвинението е одбиено;

- во рок од три години од правосилноста на решението со кое обвинителниот акт бил отфрлен или постапката е запрена;
- ако по повод жалбата решавал повисокиот суд во рок од три години од денот на приемот на одлуката на повисокиот суд.

- Пред поднесување на тужба за надоместок на штета до судот, оштетениот е должен со свое барање да се обрати до Министерството за правда заради постигнување спогодба за постоење на штета и за видот и висината на надоместокот. (Управна постапка).
- Рокот за застареност се прекинува со поднесување барање за постигнување спогодба за надомест на штета и не тече додека трае постапката пред Министерството за правда.

- Барањето може да се поднесе за две основи;
- за неоправдана осуда по основите од член 549 од ЗКП;
- за неосновано лишување од слобода по основите од член 553 од ЗКП.
- Барањето за спогодба содржи два кумулативни аспекти:
- спогодба за постоење на штета;
- спогодба за видот и висината на надоместокот.

# Поднесување на тужба за надоместок на штета

- Ако барањето за надоместок на штета не биде усвоено или по него Министерството за правда не донесе одлука во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето, оштетениот може кај надлежниот суд да поднесе тужба.
- Ако е постигната спогодба само во дел од барањето, оштетениот може да поднесе тужба во однос на остатокот од барањето.
- Тужба за надоместок на штета се поднесува против Република Македонија.

# Право на наследниците на оштетеното лице

- Наследниците го наследуваат само правото на оштетеното лице на надоместок на имотна штета.
- Ако оштетениот веќе поднел барање, наследниците можат да ја продолжат постапката само во границите на веќе поставеното барање.
- Наследниците по смртта на оштетениот можат да ја продолжат постапката, односно да поведат постапка ако осуденото лице умрело пред истекот на рокот на застареност и од барањето не се одрекло.

# Право на надоместок на лице неосновано лишено од слобода

- Право на надоместок му припаѓа на лицето:
- кое било во притвор а не дошло до поведување кривична постапка или постапката е запрена со правосилно решение, или со правосилна пресуда е ослободено од обвинение или обвинението е одбиено;
- кое издржувало казна лишување од слобода, а по вонредни правни лекови му е изречена казна лишување од слобода во пократко траење од казната што ја издржал, или му е изречена кривична санкција која не се состои во лишување од слобода или

- е огласено за виновно, а е ослободено од казната
- кое поради грешка или незаконита работа на органот неосновано или незаконито е лишено од слобода, или е задржано подолго во притвор или во установа за издржување на казната или мерката и
- кое во притвор поминало подолго време отколку што трае казната затвор на која е осудено.

- На лице кое е лишено од слобода без законски основ, му припаѓа право на надоместок на штета ако против него не е определен притвор ниту во времето кога е лишено од слобода му е засметано во изречената казна за кривично дело или за прекршок.
- Надоместок на штета не му следува на лице кое со свои недозволени постапки причинило лишување од слобода.

# Објавување на одлука за неоснованоста на претходната осуда во јавните средства

- Рехабилитацијата како нематеријална односно морална сатисфакција му следува на лице кое било неоправдано осудено и на лице кое било неосновано и незаконито лишено од слобода, а во случај кога неговиот предмет бил медиумски експониран и бил изнесуван во средствата за јавно информирање со што му бил повреден угледот.
- Рехабилитацијата по овој основ може да се оствари во три начини и тоа:

- засегнатото лице има право да бара од судот во печатените или електронските медиуми да биде презентирана информација во форма на соопштение за одлуката дека тој бил неоправдано осуден, односно неосновано или незаконито лишен од слобода;
- засегнатото лице може да бара соопштението да биде доставено до неговиот работодавец;
- ако починало, брачниот, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќа и сестри имаат право да бараат објавување на одлуката.

- Правото за рехабилитација не е условено со поднесено барање за надомест на штета. Двете барање се независни едно од друго.
- Правото на рехабилитација може да се поднесе во случај на вонреден правен лек била изменета правната квалификација на кое е осудено засегнатото лице во полесно одошто тоа било случај во правосилната пресуда.
- Барањето за рехабилитација може да се поднесе во рок од шест месеци од донесување на одлуката.

- Барањето за рехабилитација се поднесува до советот од член 25 став 5 од ЗКП, на првостепениот суд кој ја донел неоснованата осуда.
- Советот е должен да провери дали во конкретниот случај постои некаква основа поради кои ниту лицето има право да бара надомест на штета, ниту не му следува право да бара морална сатисфакција.

# Поништување на несправедливата осуда од казнена евиденција

- Судот што ја водел првостепената постапка, при несправедлива осуда има обврска по службена должност да донесе решение со кое се поништува запишувањето на ваквата осуда во казнена евиденција на засегнатото лице.
- Решението се доставува до Министерството за правда.
- За поништеното запишување не смеат никому да му се даваат податоци од казнена евиденција. Тоа има ефект како да не била донесена.

- Претседателот на судот може да му дозволи на заинтересирани лица да извршат увид и препишување од списите.
- Го поучува дека не смее да ги злоупотребува податоците на штета на рехабилитацијата на лицето.
- Може да ги користи во полза на оштетеното лице.
- Во член 103 од КЗ, е регулирана судската рехабилитација.

# Враќање на правата од работен однос и социјално осигурување

- На лицето кое поради неоправдана осуда или неосновано лишување од слобода му престанал работниот однос или својството на осигуреник на социјално осигурување, му се признава работниот стаж.
- Постапката за враќање на правото од работен однос и социјалното осигурување е независна од постапката за надомест на штета.

- Ако државниот орган или правното лице кое е должно да го земе предвид стажот, тоа не го стори по службена должност, оштетеното лице поднесува деклараторна тужба до надлежниот првостепен граѓански суд со кое бара да се утврди дека признавањето на работниот стаж и социјалното осигурување настапило по сила на законот.
- Тужбата се поднесува против органот или правното лице и против Република Македонија.

- Пропишаниот придонес за времето за кое стажот е признаен, ќе се исплати од Буџетот на РМ.
- Стажот на осигурувањето во целост се засметува во пензискиот стаж.

# Судска пракса

- Во член 5 став 5 од ЕКЧП, е предвидена обврска за државата во домашното законодавство да обезбеди надомест‌ на штета за секое лице кое било жртва на противзаконито апсење или притворање.
- (Wassink v. Netherlands, Aplikacija br. 12535/86, Presuda od 27.09.1990 g. Sakik and Others v. Turkey, Aplikacija br.87/1996/706/898-903 od 26.11.1997 g. Ciulla v.Italy Aplikacija br.11152/84, Presuda od 22.02.1989 g. N.C. v. Italy, Aplikacija br. 24952/94, Presuda od 18.12.2002 g.

# Судска пракса

- На лице што било неосновано осудено, но не било во притвор и не започнало со издржување на казната затвор, му следува надомест само на нематеријална штета.
- (Одлука на Основниот суд во Штип П.бр.366/07 од 04.12.2009 година, Одлука на Апелационен суд во Штип, ГЖ,бр.607/2010 од 04.12.2009 год.)
- Самото водење на кривична постапка не претставува основ за надомест на штета.
- (Одлука на ВСРСМ, Рев.бр.1105/08 од 1.7.2009 г.)

# Судска пракса

- Фактот што одбивателната пресуда била донесена поради застареност на кривичното гонење, не е пречка за остварување на правото на надомест на штета.
- Нема право на надомест на штета поради неоправданото водење на кривична постапка при ослободителна пресуда.
- (ВСХ, ГЖ.бр.1195/73 од 25.12.1973 година).

# Судска пракса

- Не може да се бара надомест на штета за душевна болка што е претрпена како последица на водена судска постапка од лице кое го иницирало поведувањето на таа постапка.
- (Одлука на ВСРМ, Рев.бр.1281/1995 од 06.11.1996 година)

# Судска пракса

- Не се губи правото на поднесување ба тужба за надомест на штета, иако барањето за надомест на штета тужителот го доставил до Министерството за правда по поднесување на тужбата.
- (Решение на ВСРМ, Рев.бр.958/2008 од 28.05.2009 година.)

# Судска пракса

- Констатирана е повреда на член 5 став 5 од ЕКЧП, кога Министерството за правда го одбила барањето на апликантот со образложение дека тој не поднел доказ дека е погрешно осуден или притворен, иако тој тврдел дека бил противзаконито лишен од слобода и одведен во затворот во Штип само затоа што не ја однел уплатницата од платената глоба во судот, па судот издал упатен акт. Апликантот во тужбата до судот приложил вештачење кое потврдило дека тој претрпел нематеријална штета (ментална

# Судска пракса

- болка и вознемиреност) како резултат на неговото лишување од слобода и спроведување во КПД Затвор Штип.
- (Велинов против Р.Македонија, Апликација бр. 16880/08, Пресуда од 19.09.2013 година)
- Кога против обвинетиот се водела постапка за повеќе кривични дела и кога за едно од тие кривични дела бил определен притвор, па за истото била донесена ослободителна пресуда, тој има право на надомест на штета.

# Судска пракса

- Ако обвинетиот бил во притвор за три кривични дела, за две е ослободен, а за третото условно осуден и во казната му е засметано времето поминато во притвор, нема право на надомест на штета.

Благодарам